


Почитувањето на иконите во Православната Црква не е идолопоклонство, туку „чест којашто му се укажува на ликот и се пренесува на Прволикот; и оној што се поклонува на иконата ѝ се поклонува на ипостаста (личноста) живописана на неа (7 Всел. собор, Никеа).
Притоа, на иконата не ѝ се служи, бидејќи може само на Бог да Му се служи, туку ѝ се укажува чест, и тоа заради ликот живописан на неа. Кај иконата го разликуваме ликот којшто е живописан на неа, како и Прволикот според кој е живописан ликот на иконата. Кога ѝ се поклонуваме на иконата, всушност Му се поклонуваме на Господ Исус Христос, безвремениот Архетип на сите ликови во времето.




ИКОНАТА Е
СВЕТ ЛИК, СВЕТА СЛИКА, ВО ДВЕ ДИМЕНЗИИ, КОЈА ГО ПРЕТСТАВУВА ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС, ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА ИЛИ СВЕТИТЕЛИТЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ЖИВОПИСААТ ЗАТОА ШТО ИМАЛЕ ТЕЛО

ВИЗУЕЛНО СООПШТУВАЊЕ НА НЕВИДЛИВАТА БОЖЕСТВЕНА СТВАРНОСТ МАНИФЕСТИРАЊЕ ВО ВРЕМЕТО И ПРОСТОРОТ

ТЕМЕЛ НА ИКОНАТА Е
СТВАРНОСТА НА ВОПЛОТУВАЊЕТО НА СИНОТ БОЖЈИ,
ТОА ДЕКА ЛОГОСОТ СТАНА ТЕЛО.

ХРИСТОС Е ИКОНА НА БОГА НЕВИДЛИВИОТ

СВЕТЛИНАТА НА ИКОНАТА НЕ Е ОД ОВОЈ ВЕК.
НЕ ДОАЃА ОДНАДВОР ЗА ДА ОСВЕТЛИ СО МИНЛИВА СВЕТЛИНА
ТУКУ Е НЕСОЗДАДЕНА СВЕТЛИНА, НЕЗАЛЕЗНА, КАКО ШТО Е БЛАГОДАТТА И ДАРОТ НА СВЕТИОТ ДУХ



# ИКОНАТА Е...

ИКОНАТА Е
ВОТЕЛОВЕНА БЛАГОДАТ
ПРИСУСТВО И ПРИНЕСУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ И СВЕТОСТА
СВЕДОШТВО ЗА ПОБЕДАТА НАД СМРТТА

СВЕТЛИНАТА НА ИКОНАТА Е
ОНТОЛОШКА СВЕТЛИНА, ПРЕТПОСТАВКА ЗА ПОСТОЕЊЕТО НА ЛИЧНОСТА

ЗЛАТОТО Е СВЕТЛИНАТА НА СВЕТИОТ ДУХ

ОБРАТНА ПЕРСПЕКТИВА = СО ТАКВАТА УПОТРЕБА НА ПРОСТОРОТ СЕ НАДМИНУВААТ СИТЕ ФИЗИЧКИ ЗАКОНИ И ПРОСТОРОТ СЕ ПОТЧИНУВА НА ДУХОВНИТЕ ЗАКОНИ НА ВИЗАНТИСКИОТ ИКОНОПИС

ИКОНАТА ГО ПРЕОБРАЗУВА ПРОСТОРОТ КОЈ ГО ПРЕТСТАВУВА. ТОЈ Е СВЕТОЛ, ПРОСЛАВЕН. ТОЈ Е ПРЕПОРОДЕН, ОНАКА КАКО ШТО ЌЕ ГО ПРЕСОЗДАДЕ БЛАГОДАТТА НА СВЕТИОТ ДУХ ВО ВРЕМЕТО НА СЕОПШТАТА ОБНОВА

ИКОНАТА НЕ СЕ СЛИКА СО БОИ И ПИГМЕНТИ, ТУКУ СО СВЕТЛИНА

НАДВОР ОД ЛИТУРГИЈАТА, ОД СВЕТОТАИНСКАТА ЗАЕДНИЦА СО ХРИСТОС, ИКОНАТА Е САМО БЛЕДА ПРЕТСТАВА, СЛИКА, А НЕ РЕАЛНО ПРИСУСТВО И ОТКРОВЕНИЕМЕЃУ НЕРАКОТВОРНИТЕ ОБРАЗИ НА БОГОРОДИЦА, НАЈПОЗНАТ, И ПРВ, Е ОНОЈ ОД ДИСОПОЛИС, ЗА КОЈШТО РАСКАЖУВА СВЕТИ АНДРЕЈ КРИТСКИ: КОГА БИЛА СПРЕЧЕНА ДА ДОЈДЕ НА ПОКАНАТА ОД АПОСТОЛИТЕ ЗА ОСВЕТУВАЊЕТО НА ЕДНА ЦРКВА ВО ЛИД, ТАА ГО ОСТАВИЛА НЕИЗБРИШЛИВИОТ ПЕЧАТ ОД СВОЕТО ЛИЦЕ ВРЗ ЕДЕН СТОЛБ, ШТО ПОТОА ГО НАШЛЕ АПОСТОЛИТЕ ПРИ СВОЕТО ДОАЃАЊЕ.
ТОА Е НЕРАКОТВОРНАТА ОСНОВА НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ЖИВОПИС.
А ПРВАТА РАКОТВОРЕНА ИКОНА, ПАК, Е ЖИВОПИСАНА ОД РАКАТА НА СВЕТИОТ АПОСТОЛ И ЕВАНГЕЛИСТ ЛУКА, ИКОНА НА ХРИСТОС И НЕГОВАТА МАЈКА ПРЕСВЕТА БОГОРОДИЦА, ВО ПРВИОТ ВЕК ОД НАШАТА ЕРА.

Меѓу неракотворните образи на Богородица, најпознат, и прв, е оној од Дисополис, за којшто раскажува свети Андреј Критски: *Кога била спречена да дојде на поканата од апостолите за осветувањето на една црква во Лид, Таа го оставила неизбришливиот печат од Своето лице врз еден столб, што потоа го нашле апостолите при своето доаѓање.*
Тоа е неракотворната основа на христијанскиот живопис.

А првата ракотворена икона, пак, е живописана од раката на светиот апостол и евангелист Лука, икона на Христос и Неговата Мајка Пресвета Богородица, во првиот век од нашата ера.

